СДСМ
И КОАЛИЦИЈАТА

5

# ТОМЕ ХРИСТОСКИ

за Крушево



СЕ БОРИМЕ
ЗА НАШИОТ ДОМ!

**СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!**



**Почитувани сограѓани,**

Ви се обраќам со искрено чувство на одговорност и почит. Како жител на овој град, родител и активен член на заедницата, ги познавам предизвиците со кои се соочуваме, но и огромниот потенцијал што го имаме. Во досегашното управување со општината покажавме и докажавме дека чесното, транспарентното и домаќинското управување е можно со работа, а не со празни ветувања, со дела, а не со апатија и безидејност. Изградивме  и реконструиравме улици во сите населени места, населените места ги поврзавме со градот, континуирано работиме на подобрување на водоснабдувањето во општината, ги поддржуваме спортот и младите, културните настани, го поставивме Крушево на светската туристичка мапа за параглајдингот. Општина Крушево е функционална целина.

Живееме во град со богата историја и со голем потенцијал – туристички, културен и развоен. Тој потенцијал мораме да го искористиме со визија, посветеност и со чесна работа. Ви ветувам транспарентност, отчетност и вистинска грижа за секој граѓанин. Ќе бидам секогаш достапен за вашите потреби, предлози и критики.

Крушево и населените места знаат да ја препознаат вистинската работа. Продолжуваме со одговорност и визија: општината да биде посакувано и безбедно место за живеење со висок квалитет на живот на своите граѓани, со препознатлив историски и културен идентитет, пример за економски одржлива дестинација.

Ве повикувам да ми ја дадете вашата доверба, затоа што ветувам истрајност и одговорност кон секој граѓанин. Ќе работиме заедно Крушево да го добие вистинскиот сјај на модерна, напредна и просперитетна општина.

Со почит и благодарност,

**Томе Христоски**

Кандидат за градоначалник на Општина Крушево

**СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!**



# Советничка листа на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија и коалицијата за Општина Крушево

**Почитувани сограѓани,**
**Во претходните два мандати, советничката група на СДСМ и коалицијата работеа посветено, транспарентно и одговорно во интерес на сите жители на Општина Крушево. Гласавме проекти што донесоа реални подобрувања: водоснабдување, улици, образование, спорт, култура, туризам... Вашите проблеми се и наши проблеми. Вашата доверба е наша обврска. Советничката група во наредните четири години ќе биде вашиот глас во општината – јасен, гласен и доследен. Ќе се бориме вашите барања, идеи и потреби да бидат слушнати, прифатени и реализирани. Заедно градиме општина по мерка на сите!**

1. Трајче Калески – роден 1978, магистер по географски науки. Работи како советник во Бирото за развој на образованието, СДСМ
2. Ќакуша Нанеска Николоски – родена 1970 година, завршила средно медицинско образование. Работи како патронажна сестра, СДСМ
3. Ќемал Абазовски – роден 1964 година, завршил Виша педагошка академија. Работи како наставник, СДСМ
4. Влатко Златески – роден 1989 година, завршил Економски факултет и е раководител во ЈП Комуна Крушево, СДСМ
5. Исмаил Ахмеди – роден 1969 година, завршил средно образование – гимназија и моментално е невработен, СДСМ
6. Клеанти Оџаклиеска – родена 1977 година, по образование е дипломиран електротехнички инженер и дипломиран економист. Моментално е раководителка на Фондот за ПИОМ во Демир Хисар, СДСМ
7. Ташули Филипоски – роден 1992 година. Завршил Педагошки факултет и работи како одделенски наставник, СДСМ
8. Елена Пачешкоска – родена 1991 година. Завршила средно образование на сообраќајна насока и моментално е невработена, СДСМ
9. Александра Стојческа – родена 1982 година. По образование е професор по географија и работи како професор, СДСМ
10. Марија Јосифоска – родена 1987 година, завршила хотелско туристичка насока и работи како општ работник, СДСМ
11. Цветанчо Стојаноски – роден 1998 година, завршил хотелско туристичка насока, СДСМ

**СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!**

# КАКВА Е СОСТОЈБАТА?!

Нашата држава се наоѓа на сериозна пресвртница. Премногу долго се потиснуваат реалните проблеми зад статистички извештаи и политички декларации. Вистината не може да се крие во розови интерпретации на податоци од разни табели – таа се слуша од гласот на граѓаните, од нивните секојдневни борби, стравови и стремежи.

Ние нема да ги игнорираме тие гласови. Ние ги слушаме, ги разбираме и дејствуваме. Нашата програма нема да се темели врз празни ветувања, туку врз соочување со реалноста, со изгубената надеж од предолгата транзиција на општеството, закочените европски интеграции и сѐ поизразената злоупотреба на власта.

Подолу ги претставуваме клучните предизвици со кои се соочуваме како општество. Време е да се соочиме со нив, без страв и без одлагање.

- **Значајно е намалена безбедноста на граѓаните**
- Здравствени ризици од енормно загадување
- Сообраќајна небезбедност
- Инфраструктурни недостатоци
- Кучиња скитници





## Институционална нефункционалност

- Партизација и слаб институционален капацитет
- Нехумано урбанистичко планирање
- Лошо одржување на инфраструктурата
- Еколошка деградација

## Корупцијата во јавните услуги

- Клиентелизам и непрофесионална јавна администрација
- Узурпации и непланско градење
- Неконтролирана експлоатација на ресурси
- Одолговлекување на постапки, наместо дигитализација

## Економска несигурност и масовно иселување

- Висока инфлација која ги топи платите
- Недоверба во системот
- Несоодветни јавни политики
- Бесперспективност







# НАШИОТ ПРИСТАП

Свесни за состојбите, за разочараноста на граѓаните и за политичката апатија што владее во општеството, храбро ја преземаме одговорноста да бидеме политички медиум преку кој граѓаните ќе можат да го направат посакуваниот целосен рестарт на системот.

Нашиот пристап се базира врз четири клучни столба околу кои би гравитирале сите стратегии, политики и проекти на СДСМ на претстојните локални избори и во време на мандатите на нашите градоначалници и членови на совети, кои ќе имаат реално позитивно влијание врз локалното население.

Ова не е само политичка платформа. Ова е повик за обнова на довербата, на системот, на иднината.



- **Младите во фокусот – Нова парадигма за здрав и одржлив развој**

- Градиме здрави и демократски свесни индивидуи
- Да бидеме поле за здрав и одржлив развој наместо расадник за светот
- Младите се нашата иднина и надеж – лесно достапно домување



## Чиста и здрава животна средина

- Беспрекорна комунална хигиена
- Чист воздух преку справување со изворите на загадувањето
- Расчистување на дивите депонии



## Функционален и безбеден јавен простор

- Хуман урбанизам – резиденцијални и културни/социјални хабови
- Сообраќајна безбедност
- Модерен и лесно достапен јавен превоз
- Зголемена мобилност



## Општини по мерка на граѓаните

- Отворени општини за граѓаните
- Да се слушне гласот на граѓаните
- Отчетни општини – нулта корупција
- Услужни и ефикасни општини



**СЕ БОРИМЕ**
**ЗА НАШИОТ ДОМ!**

# ШТО НАПРАВИВМЕ НИЕ:

- **Општина Крушево реализира повеќе инфраструктурни проекти:**

- Со водоснабдување
  - изградени доводни цевководи
  - резервоари за питка вода,
  - нови линии
  - и замена на водомери;

- Канализација
  - фекална и атмосферска мрежа
  - и документација за 8 села.

- Изведени се патишта и улици:
  - реконструкција на патот до Крушевско Езеро,
  - повеќе улици во Крушево и селата,
  - меѓуопштински и регионални патишта,
  - пристапни патишта и поплочување.

- Опремувањето вклучува набавка на возила, механизација, контејнери и модернизација на ТППЕ.

- Во образованието и социјалата – реновирање на градинка, училишта и поддршка за ранливи категории.

- Спортот е зајакнат со игралишта, фитнес-зона, реконструкција на сала и детски игралишта.

- Во културата – гробно место на Тоше, монтажна бина, сувенирници и настани.

- Развиен е центар за параглајдинг со полетувалиште, паркинзи и со урбана опрема.

- Дополнително, санирана е бранатa на езерото, реконструиран е мостот и модернизирано е уличното осветлување.

# А ШТО (НЕ) НАПРАВИЈА ТИЕ?!

- Урбанизам и животна средина: ветија урбанистички планови, но не изработија ниту еден урбанистички план, ниту за Крушево, ниту за населените места,
- Транспорт и патна инфраструктура: ветија асфалтирање, поплочување на улици, но патиштата во општината ги оставија во исклучително лоша состојба,
- Комунални работи и инфраструктура: ниту во едно населено место не изградија нов резервоар за вода за пиење,
- Спорт и млади: ветија, но не изградија нова спортска сала, дозволија целосно да се уништи постојната сала, оставија руина наместо базен, спортскиот живот речиси замре,
- Образование и наука: вложувањата во реконструкција на училишните објекти беа занемарени, над 90% од ветеното не беше реализирано,
- Економски развој, ЕУ фондови: ветуваа поттик за мали бизниси, повлекување средства од ЕУ и други финансиски меѓународни институции, но не реализираа мерки за поддршка на локалната економија, пропуштија многу можности за проекти преку ЕУ, УНДП, Светска банка, ЕБРД, ЕИБ и други фондови,



- Транспарентност: наместо отворена општина и вклучени граѓани, одлуките ги носеа без јавни дебати. Затвореноста и недоволната отчетност беа главни одлики на нивното работење.

СЕ БОРИМЕ
ЗА НАШИОТ ДОМ!

# МОЈАТА ВИЗИЈА



- **Зошто (повторно) се кандидирате? Што е мотивот?**

Затоа што верувам во потенцијалот на Крушево и во силата на заедничката работа. Мојот мотив е едноставен – љубовта кон нашиот град и одговорноста што ја чувствувам да придонесам за подобар живот за сите граѓани со вистински, суштински промени.

- **Колку е важно да се има визија за општината, за нејзино подобро функционирање и за нејзин развој. Дали во тој контекст е потребно да се има и визија за општеството во целина?**

Визијата е основата за секој успешен процес, јасна слика каде сакаме да стигнеме, а тоа е Крушево да биде зелено и безбедно место за живеење со висок квалитет за живот, со препознатлив историски и културен идентитет, пример за економски одржлива дестинација.

- **Што е тоа што сметате дека мора да се направи во следниот мандат и натаму? Нешто што ќе направи промена. Дали е доволно да се понудат само инфраструктурни проекти?**

Инфраструктурата е неопходна, но не е доволна. Она што мораме да го направиме е да создадеме систем што функционира. Тоа значи ефикасна и ефективна администрација, поддршка за младите и семејствата, развој на туризмот, грижа за животната средина, но и вложување во човечкиот капитал.

- **Колку се важни младите за нашата општина?**

Младите се нашата иднина – но и наша сегашност. Фокусирани сме на тоа Крушево да стане место каде што младите ќе сакаат да останат, да основаат семејства, да започнат бизниси. За тоа ни требаат квалитетно образование, рекреативни содржини, можности за работа и културен живот.

- **Како гледате на општата безбедност на граѓаните? Кои се проблемите и како можат да се решаваат?**

Безбедноста на граѓаните е основа за нормален и квалитетен живот. Континуирано работиме на зголемување на безбедноста на граѓаните преку подобра сообраќајна регулација, со системско решавање на проблемот со уличните кучиња, засилено полициско присуство, регулирање на пешачките зони и активирање на Советот за превенција.

- **Дали доброто планирање на просторот и мобилноста се клуч за забрзан развој, но и за поквалитетно живеење? Што сметате дека е неопходно да се преземе во следниов период?**

Урбанистичкото планирање и организираната мобилност се темел за функционален, безбеден град и за развојот на населените места. Изработката

на деталниот урбанистички план за контактната зона во Крушево е во завршна фаза. Претходниот план бил изработен во далечната 1997 година. Во завршна фаза се и урбанистичките планови за селата за нивниот натамошен развој и за регулирано градење.

- **Особено во зимските месеци македонските градови се меѓу најзагадените во светот. Во многу места имаме проблем со диви депонии, а граѓаните имаат сериозни забелешки за јавната чистота дури и во најурбаните места. Осудени ли сме сите ние да живееме во ѓубре и отровен воздух?**

Не сме осудени. Проблемот со загадувањето и нечистотијата е прашање на систем, култура и политичка волја. Општина Крушево има дефинирано локален акциски план за управување со отпадот во кој е поставена основата за интегрирано управување со отпадот во Крушево и за основање центар за секундарна селекција на отпадот на парцелата на поранешната кланица и затворање на депонијата во согласност со регионалното управување со отпад.

- **Довербата на граѓаните во системот е на многу ниско ниво, а општата перцепција на јавноста е дека корупцијата цвета во нашата држава. Дали можеме да ја повратиме таа доверба? Дали подобрувањето на општинските услуги, зголемувањето на транспарентноста и отвореноста на општината кон граѓаните може да даде нова надеж?**

Да, довербата може и мора да се врати – но тоа се прави со дела, а не со зборови. Во досегашното работење покажавме и докажавме целосна транспарентност, отчетност и домаќинско работење.

- **Иселувањето е еден од најголемите проблеми, а следствено и наталитетот е во драстично опаѓање. Имаме ли иднина без луѓе? Како да ги задржиме луѓето да продолжат да живеат во своите места со перспектива за себе и за своите деца?**

Иселувањето и нискиот наталитет се аларм кој трае со години, а решението не е едноставно. Воведовме мерки за поддршка на семејствата со новороденче, стипендирање на учениците од општината во средното образование во Крушево, градиме партнерски однос со приватниот сектор со поддршка на дуалното образование, организираме спортски активности и настани. Само така Крушево ќе има иднина со луѓе кои ќе останат, ќе создаваат и ќе градат тука.

-



- **Зошто граѓаните да гласаат за вас? Што е тоа по што сте различни од другите за да ви ја дадат токму вам довербата?**

Мојот пристап е фокусиран на дела, на реални решенија, одговорно со чесна работа и со континуирана посветеност. Тоа, во текот на двата мандати, го покажавме и докажавме со конкретни резултати.

# ЗАЕДНО ДА ГИ МЕНУВАМЕ СОСТОЈБИТЕ!

Нашиот пристап продолжува да се базира на четири клучни столба околу кои гравитираат сите стратегии, политики и проекти на општината:

- **Функционален и безбеден јавен простор**

Ќе продолжиме да работиме на создавање функционален и безбеден јавен простор, каде што секој граѓанин ќе се чувствува пријатно и сигурно. Особено значење ќе дадеме на сообраќајната безбедност и на подобрувањето на сообраќајната култура. Со нов сообраќаен проект за градската мрежа во Крушево, ќе изградиме паркинг-простори секаде каде што тоа е изводливо, а централното градско подрачје ќе добие регулиран сообраќаен режим за подобра мобилност за пешаците и уреден урбан простор. Ќе обезбедиме јавен простор за сите – чист, уреден и достапен за лицата со попреченост, за постарите лица, младите, жените, децата и семејствата, преку пристапна инфраструктура, осветлување, безбедни пешачки зони, детски игралишта и простори за спорт и дружење. Јавниот простор ќе биде место каде што секој граѓанин се чувствува безбеден, почитуван и вклучен.





## Чиста и здрава животна средина

Најголем приоритет во наредниот мандат ќе биде обезбедување чиста и здрава животна средина за сите граѓани. Ќе работиме на воспоставување беспрекорна комунална хигиена преку ефикасно собирање и управување со отпадот во градот, со редовно одржување на јавните простори, со собирање на отпадот во сите населени места, како и со спроведување на редовни акции за чистење и пошумување. Ќе преземеме конкретни мерки за намалување на загадувањето и за заштита на квалитетот на воздухот. Особено внимание ќе посветиме на трајното решавање на проблемот со дивите депонии, особено депонијата во Крушево, за поздрава и побезбедна околина.

## Општина по мерка на граѓаните

Ќе продолжиме да ја градиме општината транспарентно, отворено и отчетно, каде што гласот на граѓаните се слуша и почитува. „Никој никогаш не е вратен", така ќе биде и во наредните четири години. Крушево е услужна и ефикасна локална самоуправа, која ќе продолжи да работи во интерес на сите граѓани, со јасни и транспарентни процедури. Нашата визија се темели на нулта толеранција кон корупцијата, а приоритет ни е да градиме општина што е достапна, правична и одговорна кон своите жители.

# ЗАЕДНО ДА ГИ МЕНУВАМЕ СОСТОЈБИТЕ!

- **Младите во фокусот - Нова парадигма за здрав и одржлив развој**

Крушево, како и многу други општини во државата, се соочува со сериозен предизвик – тренд на иселувањето на младите и работоспособните граѓани. Затоа, во основата на нашата програма стои јасна и цврста определба: младите се нашата иднина и надеж и токму затоа се во центарот на секоја развојна стратегија.

Наша цел е да градиме здрави, самосвесни и демократски ориентирани индивидуи, преку системски пристап во образованието, пристап до културни и спортски активности, граѓанска едукација и поддршка за младинско учество во донесувањето одлуки, со конкретни мерки:

- **Образование:**
  - Континуирана поддршка на истакнати ученици и социјално ранливи категории;
  - Финансиска поддршка за секој запишан ученик во СОУ „Наум Наумоски – Борче";
  - Поддршка за дуално образование и соработка со бизнис-секторот за практична настава;
  - Едукативни програми и обуки.





- **Култура**
  - Отворање Младински центар како простор за креативно изразување, соработка и менторство;
  - Финансирање на локални културни настани, фестивали, изложби во кои ќе се вклучуваат младите;
  - Културна размена со други општини и земји, преку проекти и партнерства.
- **Спорт**
  - Реконструкција и модернизација на спортските терени на Гумење и во населените места;
  - Финансиска и логистичка поддршка за спортски клубови;
  - Организирање/поддршка на спортски турнири и настани за млади;
  - Финансиска поддршка за талентирани спортисти за учество на државни и на меѓународни натпревари.

# КАПИТАЛНИ ПРОЕКТИ

## ▪ Континуирано водоснабдување на Општина Крушево

Проектот се однесува на:

- Воведување систем за следење на притисокот, протокот и потрошувачката во реално време;
- Реконструкција и доизградба на водоводната мрежа во Крушево – фаза 3, заедно со куќни приклучоци каде што постојната водоводна мрежа е застарена;
- Реконструкција на водоводните шахти по краците како основа за поставување на мерно регулациони инструменти за следење и контролирање на протокот и притисокот на водата по водоводните краци;
- Реконструкција на каптажите и цевководот од гравитациониот систем за водоснабдување на Крушево и поставување мерни инструменти за контрола за влез на водата во системот од гравитационите извори;
- Реконструкција на водоводната мрежа во с. Борино;
- Зафаќање на извори за вода за пиење на територија на КО





Врбоец, КО Св. Митрани и КО Милошево и изградба/доградба на водоводните системи за подобрување на водоснабдувањето на наведените населени места.

**Влијание на проектот:**

Во наредниот мандат ќе ги интензивираме активностите во областа на водоснабувањето со гаранција за сигурен, квалитетен и непрекинат доток на вода.

**Целна група:**

- Сите домаќинства во општина Крушево
- Бизнис-секторот и јавните установи (училишта, здравствени установи, јавни објекти),
- Туристите и посетителите

**Рок на реализација:**

2025 – 2029

**Буџет:**

60.000.000 денари

**СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!**

# КАПИТАЛНИ ПРОЕКТИ

## Реконструкција на пумпната станица во с. Норово за водоснабување на Крушево

Проектот се однесува на целосна реконструкција на пумпната станица во с. Норово за водоснабдување на градот Крушево, со која е планирано да се замени целокупната среднонапонска и нисконапонска опрема со трансформаторите и целокупната електрична инсталација во објектот на пумпната станица, фасонските елементи, арматурите, акумулаторската батерија и да се инсталираат две нови пумпи. Со проектот се предвидува замена на целокупната застарена електроенергетска и механичка опрема, што ќе има значителни позитивни ефекти на повеќе нивоа:

- Подобрување на сигурноста и континуитетот на водоснабдувањето;
- Енергетска ефикасност и намалување на трошоците;
- Подобрена безбедност и управување;
- Одржливост и заштита на животната средина;
- Долгорочна корист за граѓаните.

**Влијание на проектот:**
Проектот претставува стратешки инфраструктурен зафат од особено значење за сигурно, ефикасно и одржливо водоснабдување на градот Крушево.





**Целна група:**

- Сите жители на град Крушево;
- Јавните институции;
- Туристите и посетителите на Крушево;
- Претприемачите и угостителите (хотели, ресторани);
- ЈКП Комуна Крушево и Општина Крушево.

**Рок на реализација:**

2025 – 2026

**Буџет:**

36.649.522 денари

# КАПИТАЛНИ ПРОЕКТИ

## ■ Интегрирано управување со отпадот во Општина Крушево

Проектот опфаќа две компоненти:

1. Воведување систем за примарна и за секундарна селекција на отпадот во Крушево преку: воспоставување сеопфатен центар за управување со отпадот во Крушево на парцела од поранешната кланица, набавка на дополнителен број канти за отпад, набавка на камион за собирање на селектирани фракции на отпад (пластика, хартија, картон, ПЕТ-амбалажа), набавка на хидраулична преса за пресување на отпадниот материјал и третирање на депонијата во согласност со регионалниот систем за управување со отпад и
2. Воспоставување систем за собирање на отпад во населените места во општината и чистење на дивите депонии за заштита и унапредување на животната средина.

Во имплементацијата на проектот посебно внимание ќе се обрне на подигнувањето на јавната свест и на вклучувањето на граѓаните. Значајна компонента на овој проект е формирањето на партнерство со приватниот сектор како и со рециклажни компании и откупни пунктови.





**Влијание на проектот:**

Целта на овој проект е да се создаде одржлив, ефикасен и еколошки систем што ќе го третира отпадот како ресурс, а не како проблем.

**Целна група:**

- Домаќинствата во општината;
- Учениците и младите;
- Комуналното претпријатие;
- Локални бизниси, особено угостителските објекти;
- Туристите.

**Рок на реализација:**

2025 – 2029

**Буџет:**

38.413.000 денари

СЕ БОРИМЕ
ЗА НАШИОТ ДОМ!

# ПРОЕКТИ

## Изградба на обиколница на Крушево – фаза 1

Фазата 1 од изградбата на обиколницата се однесува на изградба на:

- Приклучок на регионален пат Крушево – Пуста Река кај чешмата на АРМ – 100 m;
- Дел од обиколница околу Крушево од чешмата на АРМ кон зимско-рекреативниот центар Станич – 761.35 m;
- Дел од обиколница околу Крушево од бензинска станица на Макпетрол кон  кон зимско-рекреативниот центар Станич – 870.31 m;
- Приклучок на регионалниот пат кај бензинска станица на Макпетрол  –  250 m.

**Влијание на проектот:**

Проектот ќе овозможи унапредување на инфраструктурата преку зголемување на економскиот раст, развој и подобрување на квалитетот на животот на граѓаните на Крушев.

**Целна група:**

- Жителите на Крушево, особено оние што живеат покрај „главната улица" и се изложени на зголемен сообраќаен метеж, бучава и загадување;
- Туристи и посетители.

**Рок на реализација:**

2025 – 2026

**Буџет:**

62.231.135 денари





# Изградба на ново полетувалиште за параглајдинг „ЦРН ВРВ“ во близина на Крушево

Проектот се однесува на формирање градежна парцела со намена Д3 – Спорт и рекреација на зелени површини на околу 1320-1430 m надморска височина, каде шго ќе се изградат два терени за полетување со површини од 1.018.21 m2 и 989.87 m2 со завршна обработка од висококвалитетна вештачка трева. Терените ќе овозможат полетување при ветер од повеќе правци.

**Влијание на проектот:**
Новото полетувалиште за параглајдинг во Крушево директно ќе придонесе за зголемување на туристичката понуда, за привлекување нови посетители и продолжување на туристичката сезона во градот.

**Целна група:**

- Туристи љубители на адреналинот;
- Спортски екипи;

Рекреативци;

- Издавачи на приватно сместување;
- Ресторани и хотели.

**Рок на реализација:** 2025 – 2026

**Буџет**: 8.652.160 денари

# ПРОЕКТИ

## Изградба, дограба и реконструкција на општински патишта и улици во Општина Крушево

Изградба, доградба или реконструкција на улици и пешачки патеки како во Крушево така и во населените места, како и уредување на јавни површини ќе биде врвен приоритет на општината во наредниот период. До секој дом – уреден пат, улица или патека!

Ќе продолжиме со изградба на пат до манастир Св. Ѓорѓи во с. Бучин, улици низ с. Врбоец, Св. Митрани, Пресил, Алданци, Норово, Саждево, Борино.

**Влијание на проектот:**

Секој граѓанин заслужува безбеден, квалитетен и пристоен пристап до својот дом.

**Целна група:**

- Сите жители на Општина Крушево;
- Ученици и наставен кадар кои секојдневно патуваат до училиштата;
- Земјоделци и бизнисимени, кои имаат потреба од квалитетна патна инфраструктура за транспорт на стоки и производи;
- Туристи и посетители;
- Возачи и пешаци.

**Рок на реализација:** 2025 – 2029

**Буџет:** 60.000.000 денари





## Уредување на дел од спортско-рекреативниот центар Гумење

- Изградба на детски рекреативен парк во близина на повеќенаменските игралишта на Гумење
- Изградба на пешачки патеки, заштита од постојни игралишта од обрушување на косините,
- Хортикултурно уредување,
- Уредување на простор за отворени тренинзи, организирање спортско-рекреативни настани и манифестации,
- Поставување на „smart led" осветлување на просторот околу игралиштата и Крушевското Езеро.

**Влијание на проектот:**

„Гумење" да прерасне во атрактивна локација за посетителите од земјата и од странство, која ќе создаде нова вредност за локалната економија.

**Целна група:**

- Локалното население, особено младите, семејствата со деца и повозрасните граѓани;
- Домашните и странските туристи, љубителите на активниот туризам и здравиот начин на живот;
- Спортските клубови и училиштата;
- Организаторите на настани, коишто ќе имаат можност да ја користат инфраструктурата за рекреативни, културни и спортски собири;
- Мали локални бизниси и угостители.

**Рок на реализација:** 2025- – 2026

**Буџет:** 5.690.000 денари

# ПРОЕКТИ

## Реконструкција на Домот на културата „Наум Наумоски - Борче“ во Крушево

Со проектот се предвидува зачувување на недвижното културно добро во својот автентичен габарит. Во приземјето се предвидува мултифункционален простор, сувенирница, отворени читални. Дел од проектот е целосно обновување на фасадата, со почитување на елементите на традиционалната крушевска старроградска архитектура.



### Влијание на проектот:

Ќе се придонесе кон развој на културниот туризам и ќе се зголеми капацитетот за институционално поврзување и соработка со институциите од регионот од областа на културата.

### Целна група:

- Локалното население, особено младите, учениците, културните работници;
- Училиштата и здруженијата на граѓани кои ќе го користат објектот за организирање на настани, изложби, работилници и едукативни активности;
- Посетителите и туристите;
- Општината и јавните институции;

**Рок на реализација:** 2026 – 2027

**Буџет:** 29.050.000 денари



# Реконструкција на Градскиот пазар во Крушево

Проектот се однесува на имплементација на подобрено техничко решение за кровната конструкција со енергетска ефикасност, замена на оштетена столарија и браварија, поправка на оштетените фасадни делови и поставување огноотпорна фасадна изолација, изолација на водоводната и канализациска инфраструктура.

**Влијание на проектот:**

Реконструкција на Градскиот пазар во Крушево е неопходна за да создадеме уреден, функционален и хигиенски безбеден јавен простор, што ќе биде во служба на граѓаните, на производителите на храна и на трговците.

**Целна група:**

- Локалните земјоделци, производителите и продавачите на свежи земјоделски производи и на млечни производи;
- Жителите на Крушево;
- Туристите и посетителите.

**Рок на реализација:** 2026 – 2027

**Буџет:** 6.845.880 денари

# ПРОЕКТИ

## Уредување на спортските игралишта и на детските и рекреативни паркови во Општина Крушево

Проектот опфаќа уредување на детско-рекреативни паркови и тоа: на Градскиот парк во Крушево, обнова на детскиот парк до Спомен-куќата на Тоше Проески со поставување нови реквизити и видео надзор, детски рекреативен парк на Гумење во близина на повеќенаменските игралишта, детски рекреативни паркови во населените места.

**Влијание на проектот:**

Со уредени и функционални детски и рекреативни паркови, Крушево ќе стане општина по мерка на децата, која се грижи за својата иднина и вложува во вредностите на здравото и активно општество.

**Целна група:**

- Децата, младите, учениците;
- Спортските клубови и неформалните групи;
- Љубителите на спортот и рекреацијата;
- Родителите што ги придружуваат децата и ги користат парковите како безбедни места за дружење и релаксација;
- Воспитно-образовниот кадар;
- Туристите и посетителите на Крушево, каде што парковите се дел од понудата за семеен туризам.

**Рок на реализација:** 2026 – 2029

**Буџет:** 15.000.000 денари





# Изградба на пат Крушево – манастир Св. Спас – манастир Св. Василие

Основниот проект за изградба на патот Крушево – манастир Св. Спас – манастир Св. Василие опфаќа две фази:

- Локален пат од приклучокот со регионален пат Р1306 (Крушево), во близина на градските гробишта во Крушево, до манастирот Св. Спас (L≈3,1 m),
- Локален пат од манастирот Св. Спас до манастирот Св. Васили̇ј (L≈1,7 km), пробиена траса со променлива ширина од 2,5 m до 3,5m.

**Влијание на проектот:**

Ќе изградиме безбеден пристапен пат, кој ќе обезбеди лесен и безбеден пристап за верниците, туристите и локалните жители.

**Целна група:**

- Локалното население на општина Крушево, особено жителите од руралните населби во близина на манастирите;
- Планинарите и рекреативците;
- Домашните и странските туристи, љубителите на духовен и културен туризам, кои сакаат да ја истражат духовната и природната понуда на Крушево.

**Рок на реализација:** 2027 – 2028

**Буџет:** 78.000.000 денари, фаза 1

**СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!**

# ПРОЕКТИ

## Изградба на пат до м.в Ручало (пристап до ново полетувалиште за параглајдинг)

Во рамките на овој проект, предвидена е изградба на нов пат од манастирот Св. Преображение до локалитетот Ручало и ново полетувалиште за параглејдеристи, со приближна должина од 3.500 m. Патот ќе вклучува и паркинг за максимум 50 возила, со посебни места за паркирање на автобуси и кружно вртење на крајот од патот.

**Влијание на проектот:**

Диверзификација на туристичката понуда и поттикнување на развојот на авантуристичкиот туризам во Крушево со нови можности за економски раст.

**Целна гр**упа:

- Параглајдеристите од земјата и од странство;
- Спортските клубови и параглајдинг федерациите;
- Локалното население;
- Младите и рекреативците;
- Општина Крушево;
- Инвеститорите и поддржувачите на спортскиот туризам.

**Рок на реализација:** 2027 – 2028

**Буџет:** 73.535.712 денари





## Воспоставување нови планински, велосипедски и пешачки патеки

- Трасирање на нови планински патеки за рекреација, спорт или семејни прошетки;
- Обележување и поставување на информативни табли, патокази;
- Интеграција со постојната туристичка мрежа, поврзување со културно-историски споменици и природни знаменитости;
- Изработка на дигитална мапа и мобилна апликација;
- Промотивни активности за привлекување на љубителите на авантуристичкиот и наекотуризмот.

**Влијание на проектот:**

Го користиме потенцијалот Крушево да стане водечка дестинација за планински велосипедизам во Северна Македонија и пошироко.

**Целна гр**упа:

- Велосипедистите и спортистите од земјата и странство;
- Туристите и љубителите на активен одмор;
- Велосипедските клубови и здруженија; Туристичките работници и угостители;
- Младите луѓе и рекреативците;
- Локалното население;

**Рок на реализација:** 2026 – 2029

**Буџет:** 6.000.000 денари

# ПРОЕКТИ

## Изградба, реконструкција и санација на подрачни училишта во Општина Крушево

- Реконструкција на подрачното училиште во с. Пресил;
- Реконструкција и доградба на подрачното училиште во с. Норово;
- Реконструкција на подрачното училиште во с. Алданци;
- Реконструкција на подрачното училиште во с. Врбоец;

**Влијание на проектот:**

Обновата и подобрувањето на условите во подрачните училишта на територијата на Општина Крушево претставува стратешка инвестиција кон еднаквост, пристапност и квалитетно образование за сите ученици, без разлика на нивното место на живеење.

**Целна група:**

- Учениците од руралните населби во Општина Крушево;
- Наставниот кадар и вработените во подрачните училишта;
- Родителите и семејствата во руралните заедници;
- Локалните заедници.

**Рок на реализација:** 2026 – 2029

**Буџет:** 60.000.000 денари





# Изградба на канализациски системи во населените места во Општина Крушево

Проектот се однесува на изградба на канализациски системи во населените места Алданци, Пресил, Св. Митрани, Врбоец, изградба на нови краци во с. Норово.

Со изградбата на канализациските системи во населените места значително ќе ја подобриме комуналната инфраструктура, а со тоа и условите за живеење на населението.

**Влијание на проектот:**

Изградбата на канализациски системи во населените места е наш приоритет во насока на подобрување на животниот стандард, на заштитата на јавното здравје и зачувување на животната средина во населените места.

**Целна група:**

Жители на населени места во општина Крушево без постоечка канализациска мрежа

**Рок на реализација:** 2026 – 2029

**Буџет:** 60.000.000 денари

# ПРОЕКТИ

## Воспоставување на младински центар во Крушево

Во „Горната училишна зграда“ ќе се опреми простор за младински центар што ќе има бројни придобивки за младите во општината:

- Квалитетно искористување на слободното време;
- Понуда за младите за забава и учење;
- Заеднички простор за вмрежување;
- Креирање и отпочнување заеднички иницијативи;
- Поддршка за маргинализираните млади;
- Општествено вклучување, односно учество во локалните процеси;

**Влијание на проектот:**

Отворањето на Младински центар во Крушево ќе овозможи подобрување на благосостојбата на младите, развојот на личниот, социјалниот и професионалниот живот.

**Целна група:**

- Младите лица на возраст од 15 до 29 години;
- Средношколците и студентите;
- Невработените млади;
- Младинските организации и неформалните групи.

**Рок на реализација:** 2027 – 2028

**Буџет:** 4.000.000 денари



# ПРОЕКТИ И АКТИВНОСТИ – СО ВЛИЈАНИЕ ВО СЕКОЈА УРБАНА И МЕСНА ЗАЕДНИЦА

- Урбанистичко проширување на Индустриската зона „Опаленик“
- Создавање на поволно деловно опкружување и поддршка на малите и средни претпријатија
- Изградба на систем за водоснабдување на населба „Трстеник“
- Планирање на населба за домување во близина на поранешната фабрика Илинденка
- Финансиска поддршка за секое новороденче во Општина Крушево, за поддршка на младите семејства
- Ќе обезбедиме континуирано субвенционирање за сите средношколци од општината што ќе учат во СОУ „Наум Наумовски – Борче“ во Крушево, во текот на сите учебни години од средното образование за да ги поддржиме младите и да ги олесниме трошоците што се поврзани со образованието
- Ќе го поддржиме развојот на дуалното образование во Крушево преку воспоставување партнерства со локалните бизниси. Ќе се работи на склучување формални договори помеѓу средното училиште и компаниите, за да се обезбеди квалитетна практична обука за учениците и подобрување на нивната подготвеност за пазарот на трудот
- Ќе продолжиме со еднократна финансиска поддршка на социјално ранливите категории граѓани, со фокус на најзагрозените семејства и поединци, како дел од политиката за социјална правда и инклузија
- Ќе продолжиме со имплементацијата на проектот за Општинска корисна работа со која ќе обезбедиме помош и поддршка на старите и изнемоштените лица во нивните домови, заради подобрување на нивниот животен квалитет и за олеснување на секојдневните активности
- Зголемен буџет за третирање на кучињата скитници
- Поостри инспекции и казнени мерки за сопствениците на домашни животни кои несовесно ги пуштаат на јавни површини, а со тоа го нарушуваат јавниот ред, хигиената и ја загрозуваат безбедноста на граѓаните
- Ќе продолжиме да ги поддржуваме спортските клубови, здруженијата и иницијативите на рекреативните спортски активности
- Поддршка на меѓународните и светските првенства во параглајдинг, како и на културните манифестации
- Набавка на теренско противпожарно возило
- Промоција на Крушево како дестинација за четири сезони

СЕ БОРИМЕ
ЗА НАШИОТ ДОМ!

СДСМ
И КОАЛИЦИЈАТА